Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците |
| Одговорно лице и контакт информации: | |
| Вид на Извештај: | Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | X Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐Друго ____________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | / |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>X Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Октомври 2020 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Ноември 2020 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | Ноември 2020 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Ноември 2020 година |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година, во областа 21 – Заштита на животна средина – чекор 3 предвидено е заострување на казнената политика во оваа област. Искуствата од изминатиот период покажуваат дека се поголем е бројот на прекршувања на прописите од областа на животната средина и со тоа се предизвикува значителна деградација на животната средина и се загрозува здравјето на луѓето. Досегашното спроведување на прекршочната политика покажа дека постојните казни се недоволно високи за да ги спречат и да ги одвратат сторителите на дејствија со кои се прекршуваат барањата од прописите од областа на животната средина. Во Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), е дадена можност за трикратно зголемување на глобите од областа на животната средина. Но и вака дадената можност ќе доведе до намалување на постојните глоби за прекршоци кои се однесуваат на заштитата на животната средина.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Поради се поголемото загадување на животната средина предизвикано од човечките активности, со кои не се почитуваат пропишаните стандарди од областа на животната средина се наметна потребата од измени на Законот за прекршоците.

Имено, усогласувањето на прописите од областа на животната средина со постојниот Закон за прекршоците ќе доведе до намалување на постојните прекршочни санкции. Ваквото однесување не кореспондира со реалната ситуација во Република Северна Македонија. Во услови кога имаме постојано прекршување на прописите за животната средина како резултат на неодговорно и несовесно однесување кон животната средина, односно поголема исплатливост за правните и физички лица на исплатата на глобата наспроти воведување на потребните стандарди за заштита со прописите од областа на животната средина, намалувањето на висината на прекршоците само дополнително ќе ја влоши постојната состојба.

Токму од тие причини потребно е заострување на казнената политика во областа на животната средина, со што ќе се влијае на прекршителите на прописите за животната средина во насока на почитување на прописите за животната средина.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со предлог законското решение се отвара простор за зголемување на глобите од областа на животната средина соодветно на причинетата штета предвидени со материјалните закони.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1 Опис на решението „не прави ништо"

*Опција: „Не прави ништо" – Да не се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.*

Доколку не се донесе предложеното законско решение, состојбата во областа на животната средина дополнително ќе се влоши. Доколку глобите пропишани во постојните законски прописи се усогласат со сегашното законско решение дадено во Законот за прекршоците, ќе се овозможи намалување на прекршоците во областа на животната средина што е контрадикторно со она што е реалност во Република Северна Македонија. Прекршувањата во областа на животната средина од страна на неодговорните и несовесните чинители во општеството ќе продолжи и понатаму, а за сторителите на ваквите прекршоци предвидените казни нема да бидат одвратувачки. И натаму, загадувачите за сметка на остварување профит нема да се придружуваат кон условите пропишани во дозволите или прописите од областа на животната средина и поради ниските глоби.

3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Опција 1 - донесување на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

Оваа опција ќе овозможи избегнување на намалувањето на глобите од областа на животната средина. Усогласувањето на прописите од областа на животната средина со постојниот закон за прекршоците ќе доведе до намалување на глобите. Постојната состојба во однос на почитување и исполнување на прописите од областа на животната средина покажа дека постојните законски решенија не влијаат одвратувачки на прекршителите на прописите од областа на животната средина. Донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за прекршоците ќе доведе до пропишување на повисоки глоби од оние максимални вредности што се дадени во законот, а со тоа ќе се овозможи пропишување на висина на глоби кои реално ќе одговараат на тежината на прекршокот.

Истовремено, со овозможувањето на изрекување на повисоки глоби, од економски аспект , ризикот за загадувачите на животната средина ќе биде неисплатлив, со што придржувањето кон еколошките стандарди ќе биде на повисоко ниво.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

***Опција 1 „Не прави ништо“***

4.1 Економски влијанија

Позитивно влијание:

Намалувањето на прекршочните глоби и усогласување на сите материјални прописи од областа на животната средина со одредбите на постојниот закон за прекршоци позитивно ќе влијае во оние ситуации кога постои обврска за почитување на прописите за животната средина. Непочитувањето на законот односно изречената глоба нема да биде големо оптоварување за буџетот на субјектот, во однос на обврските кои произлегуваат за почитување на прописите.

4.2 Фискални влијанија

Негативни влијанија:

Намалување на приходите во буџетот на Република Северна Македонија, а зголемување на обврските на државата во однос последиците по животната средина и здравјето на луѓето.

4.3 Социјални влијанија

Негативни влијание:

Намалените глоби ќе допринесат до поголеми прекршувања на прописите врз животната средина а со тоа и влошување на состојбата врз животната средина. Сето ова влијае врз здравјето на луѓето. Загадената животна средина негативно влијае врз здравјето на луѓето, а сето тоа негативно се одразува и врз здравствениот систем и работоспособноста на населеиието.

4.4 Влијанија врз животната средина

Оваа опција негативно ќе влијае врз животната средина. Со намалувањето на глобите во животната средина ќе се зголеми непочитувањето на прописите за животната средина, а со тоа и негативното влијание врз животната средина. Негативното влијание врз животната средина ќе допринесе до загадување и влошување на состојбата со медиумите и областите на животната средина, со што има директно влијание и врз здравјето на луѓето.

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

нема влијание

б) трошоци за почитување на регулативата

нема влијание

**<u>ОПЦИЈА 1</u>** – Да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците

4.1 Економски влијанија

Негативни влијанија:

Зголемувањето на глобите за прекршителите на прописите од областа на животната средина негативно ќе се одрази на финансиската состојба на субјектите на прекршители на прописите за животната средина.

Позитивни влијанија:

Зголемување на свеста за потребата од почитување на прописите за животната средина и со тоа зголемување на свеста на стопанските субјекти дека вложувањето врз животната средина е долгорочна инвестиција за себе и општеството.

4.2 Фискални влијанија

Позитивни влијанија:

Зголемени приходи во буџетот на РСМ, намалување на издатоците за животна средина како резултат на почитување на прописите.

4.3 Социјални влијанија

Позитивни влијанија:

Зголемувањето на глобите за животната средина позитивно ќе се одрази на зголемено почитување на прописите, а со тоа позитивно се влијае и на состојбата со животната средина и здравјето на луѓето.

4.4 Влијанија врз животната средина

Позитивно:

Зголемувањето на глобите за прекршоците од областа на животната средина позитивно ќе влијае на одвраќање на прекршителите од сторување на прекршоци а со тоа ќе се доведе до подобрување на состојбите во областите на животната средина. Подобрено животна средина позитивно влијае и врз здравјето на луѓето.

4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

**5. Консултации**

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Нацрт текстот на законот е објавен на ЕНЕР (www.ener.gov.mk).

Нацрт текстот е доставен на мислење до:

1. Органи на државна управа:
   - Министерство за животната средина и просторно планирање;
   - Министерство за информатичко општество и администрација;
   - Министерство за финансии
   - Секретаријат за законодавство
   -

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Мислењето добиено од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е позитивно и истото е без забелешки.

Мислењето добиено од страна на Министерството за финансии е без забелешки

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

- Мислењето добиено од страна на Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање под број 03-12/84 (20) од 3.11.2020 е во насока да се направат дополнување на член 3 став 1 кое се однеува на поимот физичко лице, истот да се дополни со зборовите " и лица кои вршат јавни овластувања". Воедно предлагаат да се додаде нов став во членовите 26 и 36 на начин што и за прекршоците од областа на спречување на перење на пари и финансирање тероризам да може да се пропише глоба надвор од ограничувањата предвидени во ставот 1 на наведените членови. Истото е неприфатливо од причини што поимот "лица кои вршат јавни овластувања" веќе се опфатени во членот 3 став 4 каде децидно е наведено дека под "Јавен орган претставуваат министерствата и други органи на државната управа, организации утврдени со закон, правните **и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања,** како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје. Исто така во материјалниот закон кој се однесува на областа спречување на перење пари и финансирање тероризам може дополнително да се определи дефиниција што се подразбира под поимот "лица кои вршат јавни овластувања". Што се однесува на вториот предлог, за висината на пропишаната глоба појаснуваме дека во член 26 став 1 и став 2, како и во член 36 став 5 е определено дека висината на глобата може да биде повисока согласно законодавството на Европската Унија.

- Мислењето добиено од страна на Секретаријатот за законодавство под Број 09-3549/2 од 22.10.2020 укажува дека во измените на законот треба да се утврди максимален износ на глобата која може да се пропише во областа на животната средина и дека треба да се вградат одредби со кои ќе се уреди по кој закон ќе завршат започнатите постапки пред судовите и прекршочните органи до денот на влегувањето во сила на предвидените измени од овој закон. Првата забелешка не се прифаќа од причина што со материјаните закони ќе се определи максимумот на висината на глобата за правните и физичките лица на ист начин како што е предвидено за отстапување на утврдување на горната граница на максимумот согласно законодавството на Европската унија. Втората забелешка е прифатена и истата ќе биде вградена во предлог законот.

- Мислење добиено од стана на Стопанската комора на Република Северна Македонија бр. 08-1358/1 од 04.11.2020 година. Првата забелешка која се однесува на отстранувањето на штетните последици (барањето е да се избише) не се прифаќа од причина што и во измените на Кривичниот законик (кои се подготвуваат) ова ќе биде додадено како начело и секако дека нема да значи дека нема да се цени во текот на постапката дали сторителот ги отстранил или не.

Втората забелешка во врска со зголемување на висините на глобите во областа животна средина е не се прифаќа од причина што оваа промена на законот е предвидена во Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година, во областа 21 – Заштита на животна средина – чекор 3. Предвидено е заострување на казнената политика во оваа област. Искуствата од изминатиот период покажуваат дека се поголем е бројот на прекршувања на прописите од областа на животната средина и со тоа се предизвикува значителна деградација на животната средина и се загрозува здравјето на луѓето. Досегашното спроведување на прекршочната политика покажа дека постојните казни се недоволно високи за да ги спречат и да ги одвратат сторителите на дејствија со кои се прекршуваат барањата од прописите од областа на животната средина.

Во врска со барањето за дополнување на одредбата за техничките средства сметаме дека ваквите одредби треба да бидат вградени во материјалните закони со кои се пропишани прекршоците (за кои конкретно се користат технички средства за констатирање на прекршоците). Поради ова ваквата забелешка не се прифаќа.

И на крајот забелешката за отфрлање на барањето е уредна во член 83 став (4) каде е предвидено дека органите се должни во рок од 30 дена да го поднесат барањето за поведување на прекршочна постака до недлежниот орган, поради што и оваа забелешка не се прифати.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

***ОПЦИЈА „Не прави ништо“***

Доколку не се донесе предложеното законско решение ќе останат несоодветните глоби кои нема да ги одвратат сторителите на ваквите прекршоци и понатаму да преземаат дејствија со кои ќе ја уништуваат животната средина .

***ОПЦИЈА 1*** - донесување на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците

Прифаќањето на оваа опција односно донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците позитивно ќе се одрази врз состојбите во областите на животната средина. Зголемувањето на глобите ќе ја зголеми свесноста и потребата за почитување на прописите за животната средина. Зголемувњето на одговорното однесување ќе има и позитивни социјални влијанија. Подобрената состојба со животната средина позитивно се одразува и врз здравјето на населението.

Оваа опција нема негативно административно влијание и трошоци за спроведување и почитување на регулативата.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Решение „не прави ништо“: Ризикот од оваа опција е недонесувањето на законот може да доведе до зголемено прекршување на одредбите од прописите за животната средина а со тоа и до влошување на состојбата со медиумите и областите на животанта средина.

Опција 1 : Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците нема ризици.

6.3 Препорачано решение со образложение

Опција 1 - Донесување на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

**7. Спроведување на препорачаното решение**

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците ќе предизвика промена на материјалните закони од областа на животната средина.

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

нема

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Надлежни за спроведување на предложената опција е Министерство за животна средина и просторно планирање кое ќе треба да изврши усогласување на материјалниот прописи од областа на животната средина со Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Усогласување на материјалните закони од областа – животна средина со Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

**8. Следење и евалуација**

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Следење на спроведувањето ќе се врши преку донесување на прописите за изменување и дополнување на прописите од областа на животната средина заради нивно усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуација на ефектите од имплементација на регулативата ќе се следат врз основа на поставените индикатори за следење и тоа:

- Донесување на измени и дополнување на регулативата за животна средина
- Број на изречени прекршоци во областа на животната средина
- Вид на прекршоци во областа на животната средина

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:_____________**

**...............................................**
**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Предлог Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 10-11-2020

**...............................................**
**потпис на министерот**